Република Македонија
Општина Кавадарци

Врз основа на член 24 точка 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ"бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11), Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на Јавна анкета и Јавна презентација по Нацрт Детален Урбанистички План - за дел од УБ 11К-„Блажо Алексов"- Општина Кавадарци

Нацрт Детален Урбанистички План за дел од УБ 11К-Блажо Алексов Општина Кавадарци со граници на плански опфат:

- Од север-по осовина на ул.„Мирче Ацев";
- Од исток-по осовина на ул.„Блажо Алексов"
- Од југ- по осовина на ул.„Цано Поп Ристов";
- Од запад – по осовина на ул.„Лазо Мицев и ул.„Партизанска" според техничка документација бр.154/13 изработена од АД за урбанизам, проектирање и инженеринг ЗУМ Скопје.

Големината на планскиот опфат изнесува 6,62 ха.

Нацрт Детален Урбанистички План за дел од УБ 11К„Блажо Алексов"- Општина Кавадарци ќе биде изложен во просториите на Општина Кавадарци соба бр. 36.

Јавната презентација ќе се спроведе на ден 06.02.2015година (петок) во 13.00 часот, во просториите на Големата сала на Општина Кавадарци.

Јавната анкета трае 10 работни дена од денот на објавувањето на ова соопштение, секој работен ден од 9.00 до 16.00 часот од 29.01.2015 година до 11.02.2015 година.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во соба бр.12.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да достават писмени забелешки на Анкетни листови.

НТ/РС

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК,
дипл.прав. Александар Панов